Главна тема: Бог има план за нас

# Тема: **Близината на Христовото враќање**

Читање: Марко 12

Глобалното затоплување е тема за која постојано се зборува и за која се предупредува од страна на лица кои се стручни во однос на климатските прашања, и таа, во текот на овој век, постепено се чувствува низ целиот свет. Истата е негирана и исмејувана од оние кои не сакаа да внесат промени во своето работење (и во своите навики за возење) за да се избегне емитување на $CO_2$ во атмосферата. Но, драстичните ефекти од промените во ова наше време кои се случуваат на меѓународно ниво можат да се почувствуваат кај речиси сите народи. Екстремните горештини ја исушуваат вегетацијата до точка што доведува до многу присутни шумски пожари во голем број на многу земји. Исто така, во последниве години се случија силни и обилни дождови кои предизвикаа огромни поплави. Сѐ повеќе има земјотреси и вулканска активност. Глечерите забрзано се топат што доведува до зголемување на нивото на морето и до разредување на соленоста на водата. Огромните бури кои беснеат во државите доведоа до голем број на загинати и објекти кои се срамнети со земја. Сето ова е една вистински мрачна слика. Дури и поголемите земји, како што се Кина и САД, сега го прифаќаат ова како реалност за која е потребно итно делување за да може да се поправат работите, ако тоа е воопшто можно.
Но, сето ова е сликата која е предвидена уште пред 2000 години и тоа од самиот Исус:
„И ќе има знаци на сонцето, на месечината и на ѕвездите; а на земјата народите ќе бидат опфатени од страв и збунетост од бучењето и од морските бранови; луѓето ќе примираат од страв, од исчекувањето на она, што ќе го најде светот, зашто небесните сили ќе се затресат. И тогаш ќе Го видат Човечкиот Син како доаѓа на облак со голема сила и слава. А кога ќе почне да се случува тоа, исправете се и подигнете ги главите, зашто се приближи вашето избавување.” (Лука 21:25-28)
Значи, ако она што го доживуваме сега е она што Исус предупредил дека ќе се случи непосредно пред неговото враќање на земјата, како голем Цар врз сите народи, тогаш оваа тема што ја разгледуваме сега е од витално значење.

Исус избрал дванаесет посебни ученици кои ќе станат негови апостоли (*на грчки значи за „испратени луѓе“*). Три и пол години тој непрестајно проповедал за идното Царство Божјо како централен дел од евангелската порака. Тој ветил дека тие луѓе потоа ќе седнат на дванаесет престоли и ќе им судат на племињата на Израел. Тој зборувал и за претстојната инвазија на Ерусалим која ќе го уништи - зборувал подетално и предупредувал дека, кога ќе започне инвазијата, тие треба да бегаат во планините и да се кријат. Природно, неговите ученици сакале да знаат кога тоа би можело да се случи (всушност, тоа и се случило во 70 година од нашата ера). Но, тие исто така сакале да знаат кога Бог и Неговиот Син ќе го востанови ветеното Царство. По неговото воскресение, тие му го поставиле ова прашање, кое е запишано во Дела 1:6,7: „А собраните Го прашаа со овие зборови: „Господи сега ли ќе го востановиш Израелевото Царство?” Тој им рече: „Не е ваше да ги знаете времињата и настаните, што Таткото ги одреди со Својата власт.“
Исус им рекол дека тие работи не треба да ги знаат и го повторил своето ветување дека ќе им се даде силата на светиот дух за да можат да ја послушаат неговата заповед да станат негови сведоци низ целата земја Израел и низ целата земја. Додека тие размислувале за овие зборови, одеднаш – кога го погледнале – тој беше подигнат од земјата и исчезнал во облак. Она што е важно за нас е тоа што, додека стоеле и гледале во небото, станале свесни за тоа дека им се придружија два ангела на Елеонската Гора. Зборовите на ангелите биле: „Луѓе Галилејци, зошто стоите и гледате во небото? Истиот тој Исус, кој беше однесен од вас на небото, ќе дојде на истиот начин како што го видовте дека оди на небото“.
Овие зборови даваат цврста основа за нашата вера во враќањето на Исус Христос на оваа земја. Но, има и уште повпечатлив доказ во Библијата, и тоа во пророштвото на Захарија, поглавје 14. Поглавјето започнува со зборовите „Ете, доаѓа Господовиот ден кога ќе биде поделен пленот сред тебе. И потоа следат стиховите 3 и 4: „ Тогаш Господ ќе излезе и ќе се бори против тие народи како што Тој знае да

војува во воен ден. Во оној ден, Неговите нозе ќе стојат на Елеонската Гора што е спроти Ерусалим, на исток.“ Навистина моќни зборови кои се напишани уште многу одамна, во времето на Персиската империја т.е. најмалку 500 години пред времето на Исус.
Она што е толку убедливо е доследноста на библиската порака: начинот на кој ветувањето на ангелите упатено до учениците било детално пророкувано пред толку многу години.
Сега треба да погледнеме некои стихови од Новиот завет во врска со второто доаѓање на Исус. Гледаме како Исусовите ветувања и зборовите на ангелите на Елеонската Гора ја поттикнаа имагинацијата, како и исчекувањето на оние мажи и жени кои ги формирале новите собранија на верници во Христа низ градовите на Римската империја. Најпрво, неколку зборови на апостол Павле во Солуњаните 5:1-5: „А што се однесува за времињата и настаните, браќа, немате потреба да ви се пишува; зашто самите вие добро знаете дека Господовиот Ден ќе дојде како крадец во ноќта. Кога ќе речат: мир и безбедност, тогаш ненадејно ќе падне погибел на нив, како болка на трудна жена, и не ќе и избегаат. Но вие, браќа, не сте во темнина - та Денот да ве затече како крадец; зашто вие сите сте синови на светлината и синови на денот. Не и припаѓаме на ноќта, ниту на темнината“.
Зборовите „дојде како крадец“ се исто така зборови на самиот Исус во Откровение 3:3.
Петар, кој се смета за најстар од апостолите на Исус, пишува за ова предупредување во 2. Петар 3:10: „А Господовиот ден ќе дојде како крадец во ноќта; во тој ден небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии ќе се распаднат и земјата ќе изгори со сите дела што се во неа“. Во ова писмо Петар употребил исклучително описен јазик, па затоа ве молиме видете ја фуснотата на крајот од овој текст.
Исус го користел ова начело „доаѓа како крадец“ во неколку од своите параболи. Тој веќе им кажал на своите ученици дека денот и часот на неговото доаѓање ги знаел само неговиот Татко. Ако погледнеме во Матеј 24:42, ќе види како Исус вели: Затоа, бдејте, зашто не знаете кога ќе дојде вашиот Господ! А знајте го ова: ако домаќинот би знаел во која ноќна стража ќе дојде крадецот, би бдеел и не би дозволил да му се поткопа куќата. Затоа и вие бидете готови, зашто Човечкиот Син ќе дојде во час, кога не мислите.”
Видовме дека, во нашево време, состојбата на земјата предизвикува многу сериозни проблеми за многу народи, а потоа прочитавме и дека тоа било предвидено од Исус дека ќе се случи непосредно пред тој да се врати на земјата како Голем Цар над сите народи. Потоа видовме ветувања во врска со тоа враќање и потврдивме дека навистина ќе биде на земјата. На крајот, видовме предупредувања дека Исус ќе дојде ненадејно, кога најмалку се очекува; а потоа го истакнавме зборот „бдеење“.
Живееме многу краток живот за кој никогаш не можеме да бидеме сигурни колку долго ќе трае. Ова значи дека, со времето што го имаме, треба да го очекуваме враќањето на Исус - правејќи го она што ни го кажал. Тоа значи да се „бдееме за неговото доаѓање“ и, откако се обврзавме да бидеме негови ученици преку верување и потопување, да се држиме за нашата лична вера – и тоа силно, во сигурноста на тоа доаѓање.

***__Фуснота:описен јазик__***

Да појасниме во врска со термините „небеса“ и „земја“ што ги користи Петар. Ако погледнеме назад во историјата на Израел овие зборови се однесувале на владејачките класи (небеса) и обичните луѓе (земјата). Со вакво разбирање на овие термини, зборовите на Петар, иако сѐ уште се многу сериозни, сепак се помалку алармантни.
Ако сакате да видите многу добар пример за овој концепт, погледнете во Второзаконие 32:1, каде што Мојсеј ги кажал следниве зборови пред собрание на Израел“… „Слушајте, небеса, сега ќе зборувам, чуј ги, земјо, зборовите на мојата уста!“. Јасно е дека Мојсеј, како што ни кажуваат воведните зборови, му се обратил на насобраниот народ на Израел, кога тие биле источно од реката Јордан, за да преминат во земјата на нивното наследство.